**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**

**MACEDONIAN DENTAL CHAMBER**

**ул. Антон Попов бр.1-4/5, Скопје**
**(02) 3246 851/852**

Бр. **02 –799/5**
11.09.2020 година, Скопје

Извршниот одбор на Стоматолошката комора на Македонија, врз основа на член 28, став 2, точка 7, 11, 14 и 19 и член 52, ст.1 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија, на својата **16-та седница,** одржана на ден **11.09.2020 година** ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за продавање и купување на деловен простор**

**Член 1**

**Се прифаќа предлогот** на Комисијата за продавање/купување деловен простор за потребите на Стоматолошката комора на Македонија за **продавање на деловниот простор** во кој сега се наоѓа седиштето на Комората, односно **се одобрува продажба на деловниот простор во сопственост на Стоматолошката комора на Македонија**, запишан во **ИЛ 56259 за КО Кисела Вода 1**, издаден од Центар за катастар на недвижности Скопје, со следните катастарски ознаки:

-КП 109, дел 1; ул. Антон Попов бр.1; бр. на зграда 1; намена на зграда: А2-1, влез 4, кат К1, број 5, намена на посебен дел од зграда **ДП**, со површина од **131 м2** и

-КП 109, дел 1; ул. Антон Попов бр.1; бр. на зграда 1; намена на зграда: А2-1, влез 4, кат К1, број 5, намена на посебен дел од зграда **ПП**, со површина од **9 м2.**

**Член 2**

**Се прифаќа** предлогот на Комисијата за продавање/купување деловен простор за потребите на Стоматолошката комора на Македонија, за купување на нов деловен простор за потребите на Стоматолошката комора на Македонија, **па се одобрува купување на деловниот простор** кој се наоѓа на ***ул.Балзакова бр.32, Скопје,*** опишан во **Имотен лист бр. 55900 за КО КИСЕЛА ВОДА 1, издаден од Центар за катастар на недвижности Скопје**, со следните катастарски ознаки: КП 116/2, дел 2, и тоа:

| Влез | Кат | Број | | Внатрешна М2 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 1 | 5 | ДП | 60 |
| 1 | 1 | 6 | ДП | 110 |
| 1 | 1 | 7 | ДП | 50 |

како и **гаражно место** со површина од **14 м2** на ниво -2 во истиот објект, запишано во **Имотен лист бр.58885** за **КО Кисела Вода 1**, сопственост на продавачот **Друштвото за трговија и услуги Мултибренд ДООЕЛ,** а согласно Понудата во прилог на оваа Одлука.

**Член 3**

За исполнување на целта од член 1 и член 2 на оваа одлука, во случај на потреба, **се одобрува**, како услов за обезбедување на кредит, **да се заснова заложно право врз недвижноста која се продава и/или недвижноста која се купува,** или други инструменти за обезбедување.

Соодветните договори од став 1 на овој член, како и купопродажните договори и сите акти потребни и поврзани со промената на сопственост на недвижностите опишани во член 1 и член 2 од оваа одлука, **ги склучува, потпишува и заверува Претседателот на Стоматолошка комора на Македонија**, по одобрување на оваа одлука од Собранието на Стоматолошка комора на Македонија.

**Член 4**

Одлуката стапува на сила веднаш, а произведува правно дејство по нејзиното одобрување од страна на Собранието на Стоматолошка комора на Македонија.

**Извршен одбор на Стоматолошка комора на Македонија**
**Претседател,**
**д-р Мирлинд Селими**

М.П.

Да се достави до:

- Претседателот на Собранието на Стоматолошката комора на Македонија, на одобрување од Собрание на Стоматолошка комора на Македонија согласно член 21, точка 24 од Статутот на Стоматолошка комора на Македонија